Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-307/3
20-06-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 - 307 од 23.05.2022 година, поднесена од [redacted] за извршена дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 20.05.2022 години, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-307 од 20.06.2022 година, поднесена од [redacted] **поради неуредност.**

О б р а з л о ж е н и е

На 23.05.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на подносителот [redacted]

Од причина што претставката не ги содржеше задолжителните елементи од член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 01.06.2022 година Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, до подносителот достави барање за доуредување на претставката. Со барањето подносителот беше задолжен да ја доуреди претставката во насока што ќе го посочи потенцијалниот дискриминатор против кого ја поднесува претставката.

Подносителот не ја доуреди претставката во законски предвидениот рок, следствено на тоа Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Скопје
20.06.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Кире Василев

Доставено до:

- [redacted]

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk